Влада на Република Северна Македонија

<u>**Н А Ц Р Т**</u>

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2021 година**

**Скопје, октомври 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2021 година**

Седницата започна во 10:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Јетон Акику, директор на Агенцијата за електронски комуникации и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Барање од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за патните и дневните расходи (420) и другите тековни расходи (426) за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката во земјата, да не се исплаќаат од буџетот на Претседателот на Република Северна Македонија

2. Барање за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок (5G), со Предлог-одлука

3. Информација во врска со Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит "АД Прилеп

4. Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2022 година

5. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка

6. Прашања и предлози

7. Извештај за завршени преговори за склучување на Технички аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија

8. Информација со нова формула за финансирање за основно образование и нова формула за финансирање на средно образование

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за патните и дневните расходи (420) и другите тековни расходи (426) за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката во земјата, да не се исплаќаат од буџетот на Претседателот на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии во следниот репрограм на Буџетот на Република Северна Македонија кој би се случил кон крајот на 2021 година да ги предвиди финансиските средства за патните и дневните расходи (420) и другите тековни расходи (426) за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката.

**Точка 2**

Владата по Барањето за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок (5G), со Предлог-одлука заклучи:

1. Не донесе Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 Mhz и 3.x GHz.

2. Се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации до Владата да достави нова Одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 Mhz и 3.x GHz, со коригирани цени согласно преговорите со операторите, рокот за покриеност со 5G сигнал наместо 2027 година да биде 2025 година, а еднократниот надоместок да се плаќа еднократно на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит“ АД Прилеп и ги донесе следните заклучоци:

1. Се укажува на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп да поднесе барање за изготвување на ревизорски извештаи до овластен ревизор.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги надомести трошоците за изготвувањето на ревизорскиот извештај и трошоците кон Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2022 година и го утврди со следните заклучоци:

1. Во делот на Министерството за економија финансиските средства за тековни потреби во износ од 15 милиони денари да се обезбедат со пренамена од средствата планирани за Национални енергетски ресурси АД Скопје.

2. Во делот на Министерството за транспорт и врски финансиските средства потребни за тековно работење по потпрограми во износ од 10 милиони денари да се обезбедат со пренамена од средствата планирани во потпрограмата за патна инфраструктура.

3. Секретаријатот за европски прашања потребните финансиски средства за превод во износ од 4 милиони денари да ги обезбеди по пат на прераспределба во рамки на сопствениот буџет.

4. Потребните финансиски средства за Секретаријатот за законодавство во износ од 140.000 денари, за Претседател на Република Северна Македонија за стоки и услуги во износ од 3,5 милиони денари и за Управата за водење на матичните книги во износ од 20 милиони денари да се обезбедат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, потрограмата П1 - КОВИД.

5. Во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците потпрограмата 14 - Инфо центар за меѓуетнички односи се преименува во потпрограма 16-Преспа форум дијалог.

6. Министерството за финансии да ги спроведе горенаведените измени и да направи соодветни корекции на билансите на Буџетот.

7. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2022 година да се достави до Собранието, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

Истовремено, Министерството за финансии согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата од страна на Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија (на барање на Агенцијата за разузнавање) при евентуална измена на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година да ги има предвид овие дополнителни финансиски средства.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата заклучи Заклучокот од Сто и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2021 година, донесен по точка 42-прашања и предлози, по Информацијата за номинирање учесник на Министерска конференција во рамки на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи 2021 година, кој гласи:

„1. Да се номинира висок владин претставник (министер, заменик-министер или државен секретар) од ресорите здравство или животна средина за учество на Министерската конференција во рамки на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи кој ќе се одржи 24-26.11.2021 година, а истиот ќе има обврска да се регистрира со пополнување на соодветните формулари најдоцна до 29.10.2021 година.“, да се измени и да гласи:

„1. Ја определи Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање за учество на Министерската конференција во рамки на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи кој ќе се одржи од 24 до 26.11.2021 година, со обврска да се регистрира со пополнување на соодветните формулари.“.

**Точка 7**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Технички аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија, со усогласен текст на Технички аранжман и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Техничкиот аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија.

2. Се определува генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Техничкиот аранжман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа за воздушно патролирање над Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата со нова формула за финансирање за основно образование и нова формула за финансирање на средно образование, како материјал за информирање.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |